СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

НА

ОПШТИНА

МАКЕДОНСКА

КАМЕНИЦА

БРОЈ 50

Македонска Каменица | *Година XXI* *28.04.2025* | *Излегува по потреба* *гласникот е бесплатен*

Април 2025

МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.84/2020 и 202/2024) и член 90 од Статутот на општина Македонска Каменица („Сл.гласник на општина М.Каменица“бр. 20/2019, 38/20 и 33/24), Градоначалникот на општина Македонска Каменица донесе:

З А К Л У Ч О К

За прогласување на Одлука

1. Се прогласува Одлуката за давање согласност на Сценариото за изведба на показна вежба за институционален одговор при поплави со вклучување на системот за јавно тревожење на територијата на општина Македонска Каменица.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

Бр.09-1146/1 **Градоначалник**
28.04.2025 г. **Димчо Атанасовски с.р**
М.Каменица

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.84/2020 и 202/2024) а во врска со член 41, 48, 49 50 и 51 од Законот за заштита и спасување („Службен весник на РМ" бр. 36/2004, 49/2004, 86/2008, 85/2009, 114/2009, 124/2010, 18/2011, 93/2012, 41/2014, 129/2015, 71/2016, 106/2016, 83/2018 и „Службен весник на РСМ" бр. 82/2020 и 215/2021) и член 20 од Статутот на општина М.Каменица („Службен гласник на општина М.Каменица“ бр. 20/2019, 38/20 година и 33/24), Советот на општина Македонска Каменица на 53та (вонредна) седница одржана на ден 28.04.2025 година донесе:

О Д Л У К А

За давање согласност на Сценарио за изведба на показна вежба за институционален одговор при поплави со вклучување на системот за јавно тревожење на територијата на општина Македонска Каменица

Член 1

Советот на Општина Македонска Каменица дава согласност на Сценариото за изведба на показна вежба за институционален одговор при поплави со вклучување на системот за јавно тревожење на територијата на општина Македонска Каменица.

Сценариото за изведба на показна вежба за институционален одговор при поплави со вклучување на системот за јавно тревожење на територијата на општина Македонска Каменица е составен дел на оваа Одлука.

Член 2

Показната вежеба ќе се одржи на ден 30.05.2025 година.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Македонска Каменица“.

Бр. 08-1147/1 **Совет на општина М.Каменица**
28.04.2025 г. **Претседател**
М.Каменица **Анета Стојчевска с.р**

С О Д Р Ж И Н А

1. Заклучок за прогласување на Одлука за давање согласност на сценарио за изведба на показна вежба за институционален одговор при поплави со вклучување на системот за јавно тревожење на територијата на општина Македонска Каменица…….стр.1

2. Одлука за давање согласност на сценарио за изведба на показна вежба за институционален одговор при поплави со вклучување на системот за јавно тревожење на територијата на општина Македонска Каменица…….стр.1

3. Содржина.....стр.2